РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено / Pranuar | 23 -01- 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. / Njës. org | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| 10 | 135/1 | | |


Во врска со вашето Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр. 10-107/1,

Ви го даваме следниов одговор:

Подносител на барањето:

1. Колку претставки од областа на работните односи имате добиено во 2024?
   Во 2024 година до КСЗД се доставени вкупно 162 претставки за заштита од дискриминација во областа на работата и работните односи

2. Кој бил најчестиот вид на дискриминација во оваа област во 2024 година?
   Во 2024 година КСЗД утврди дискриминација во областа на работата и работните односи во вкупно 26 случаи, од кои 16 по претставки кои беа поднесени во 2024 година и 10 по претставки чија постапка започна во 2023 година.
   Најчест утврден облик и вид на дискриминација во работните односи во 2024 година е директната дискриминација (14 случаи), но утврдени се и индиректна дискриминација (3 случаи), интерсекциска дискриминација (3 случаи), како и вознемирување на работно место (5 случаи). Во однос на основите, најчесто е утврдена дискриминација врз основа на политичкото уверување (7 случаи), потоа членување, односно нечленување во синдикални организации (5 случаи), но утврдена е дискриминација и врз пол, род и бременост односно мајчинство интерсекциски поврзани (2 случаи), етничка припадност (2 случаи), како и дискриминација врз основа на попреченост (1 случај), сексуална ориентација (1 случај), образование (1 случај) и други основи.

   Статистички преглед на бројот на утврдени случаи според видот на дискриминација:
   - 12 случаи на директна дискриминација
   - 1 случај на директна дискриминација и вознемирување
   - 1 случај на директна дискриминација и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација
   - 3 случаи на индиректна дискриминација
   - 3 случаи на интерсекциска дискриминација
   - 2 случаи на вознемирување
   - 1 случај на вознемирување и виктимизација
   - 1 случај на вознемирување, повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација и виктимизација

   Статистички преглед на бројот на утврдени случаи според основата на дискриминација:
   - Политичко уверување утврдено во 7 случаи
   - Членување или нечленување во синдикална организација во 5 случаи
   - Друго лично својство и општествен статус во 5 случаи
   - Род утврден во 3 случаи
   - Пол утврден во 2 случаи
   - Бременост, раѓање и родителство во 2 случаи
   - Етничка припадност утврдена во 2 случаи
   - Раса утврдена во 1 случај
   - Сексуална ориентација утврдена во 1 случај

- Образование утврдено во 1 случај
- Попреченост утврдена во 1 случај
- Друга основа утврдена во 2 случаи